ОПШТИНА ЦЕНТАР
Бр. 09-4720/1
26.08 2026 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 05/02 и „Службен весник на РСМ" бр. 202/24) и точка 2 од Програмата за образование на Општина Центар-Скопје за 2026 година година („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" 15/25 од 25.12.2025 год.), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

# О Г Л А С
## за доделување стипендии на талентирани ученици од областа на науката, техниката и посебните вештини од општинските основни училишта на територијата на Општина Центар-Скопје за учебната 2026/2027 година

Општина Центар-Скопје доделува стипендии за талентирани ученици од VIII и од IX одделение од општинските основни училишта на територијата на Општина Центар-Скопје.

**I Услови за доделување стипендија**
Кандидатите треба да ги исполнуваат следниве услови:
- да се редовни ученици во VIII и во IX одделение во општинските основни училишта на подрачјето на Општина Центар-Скопје;
- да оствариле континуиран успех одличен (5,00) во текот на школувањето во VI, VII и во VIII одделение
- Доказ со потпис од раководител на паралелката дека ученикот постигнал општ успех 5,00 на полугодие во последната учебна година (2025/2026)

**II Критериуми за доделување стипендија**
Освоени награди од областа на науки, техника и посебни вештини во последните три учебни години, односно ќе се вреднува успехот постигнат од 1.9.2023 година:

- прво место градски (општински) натпревар (0,5 бода);
- прво место регионален натпревар (1 бод);
- прво или второ место на државен натпревар (2 бода или 1,5 бода);
- прво или второ место на меѓународен натпревар (3 бода или 2,5 бода);
- добитник на Годишната награда на Општина Центар-Феникс (1 бод);
- се вреднува само индивидуалниот успех на ученикот;
- право на разгледување имаат само дипломи од здруженија, организации, друштва, асоцијации и сл. акредитирани од МОН.

**III Потребни документи**
Со барањето кандидатот треба да достави:
- потврда од училиштето дека е редовен ученик;
- биографија;
- контакт телефон на родител-старател;
- фотокопии од свидетелствата од VI до VIII одделение;
- Фотокопија дека ученикот постигнал општ успех 5,00 на полугодие во последната учебна година (2025/2026)
- фотокопии од дипломи од освоени награди на натпревари од областа на науки, техника и посебни вештини од VI до VIII одделение, односно ќе се вреднува успехот постигнат од 1.9.2023 година.

## IV Висина на стипендијата и рангирање

- Стипендијата изнесува 4.000,00 денари и 4.500,00 денари месечно, осум месеци во текот на учебната година;
- За освоени од три (3) до шест (6) бода стипендијата изнесува 4.000,00 денари;
- За освоени повеќе од шест (6) бода стипендијата изнесува 4.500,00 денари.

## V Начин на пријавување

Документите треба да се доставуваат до Архивата на Општина Центар-Скопје или по пошта на ул. „Михаил Цоков" бр. 1, Скопје со назнака „За доделување стипендии на талентирани ученици од областа на науката, техниката и посебните вештини од општинските основни училишта на подрачјето на Општина Центар".
Пријавите ги разгледува и по нив одлучува општинската комисија формирана за овој Оглас.

## VI Рок за поднесување документи

Краен рок за поднесување документи е 23.9.2026 година.
Нема да се разгледуваат документите што не се комплетни и оние што не се доставени навреме.

- Секој заинтересиран ученик може да поднесе документи само на еден (1) оглас - култура, науки, техника и посебни вештини или спорт. Доколку поднесе во различни категории, документите нема да се разгледуваат.
- Комисијата го вреднува успехот постигнат во последните три учебни години, односно се вреднува успехот постигнат од 1.9.2023 година.

## VII Решенија за стипендии според одлука на Комисијата

Општина Центар-Скопје има цел од секое училиште да се избере најмалку еден ученик, иден стипендист, кој во наведениот период постигнал одредени резултати и ги исполнува условите. Во согласност со одлуката на Комисијата за спроведување постапка за доделување стипендии, градоначалникот донесува решенија. Доколку од некое училиште нема ученик што целосно ги исполнува критериумите и условите, Комисијата избира ученик што покажал највисоки резултати на одредени натпреварувања и својата одлука за тоа му ја доставува на градоначалникот за донесување решение.